# И Н Ф О-К О Ч А Н И

## МЕСЕЧЕН БИЛТЕН

www.kocani.gov.mk Општина Кочани
Градоначалник на Општина Кочани

## ЈУЛИ 2024 г.





**Четиринаесет лица потпишаа договори за вклучување во програмата Општинско корисна работа**

Четиринаесет лица се ангажирани за испорака на социјални услуги за жители на Кочани преку програмата Општинско корисна работа. Во наредниов период ќе работат пет негуватели во градинка, еден личен асистент, двајца посредници за донации, двајца олеснувачи за ромски деца, еден за социјални прашања и тројца негуватели за лица со попреченост.

Поздравувајќи ги ангажираните лица, градоначалникот Љупчо Папазов го истакна досегашното позитивно искуство и подготвеноста на Општина Кочани да учествува во финансирањето на социјалните услуги кон граѓаните.

– Придобивките и целите се намалување на невработените лица и стекнување обука за поголема конкурентност на пазарот на трудот, од една страна, а од друга страна со зголемувањето на социјалната услуга се подобрува квалитетот на животот на лицата во социјален ризик – истакна градоначалникот Папазов.
Социјалните услуги што ќе ги реализираат ангажираните лица се произлезени од регистрираните потреби на заедницата.

– Општина Кочани 12 години е дел од програмата ОКР, која е финансирана од УНДП поддржана од МТСП и Агенцијата за вработување. Благодарение на овој проект во Кочани се разви услугата за нега во домот на стари лица, која прераснува во сервисна услуга со 30 работно ангажирани лица – соопшти Аника Илијевска Ѓорѓиева од Општина Кочани.

Лицата ќе бидат ангажирани со скратено работно време од 20 часа неделно, за што ќе добиваат бруто износ од 13.750

| | |
|---|---|
| | денари, од кои 20 % по лице се средства што ги обезбедува Општина Кочани. |
|  | **Се реконструира кровот на ОУ „Раде Кратовче“**<br><br>Во ОУ „Раде Кратовче“ се одвиваат градежни работи за промена на кровот.<br><br>Активностите се на самиот почеток. Постапно се отстранува постојната покривна маса за да се замени старата кровна конструкција со нова. Изведувач на работите е „Бепинг констракшн“ од Кочани.<br><br>Проектот се реализира со средства од Јапонската амбасада во износ од 4.332.489 денари.<br><br>Според планирањата, реконструкцијата на кровот на ОУ „Раде Кратовче“ ќе заврши до крајот на август. |
| <br><br><br><br> | **На Пониква се одржува вториот Национален камп за млади информатичари**<br><br>На Пониква, на Осоговските Планини се одржува вториот Национален камп за млади информатичари, чиј организатор е Здружението „Бистри умови“ од Кочани, со поддршка од Здружението на информатичари на Македонија.<br><br>На еднонеделниот камп учествуваат 12 ученици, најдобрите информатичари од државата, со кои работат по четворица професори и студенти ментори од Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство – ФИНКИ од Скопје. Учесниците, поделени во три тима од по четири ученици во сениорска и јуниорска конкуренција, како и еден женски тим, се подготвуваат за претстојните меѓународни олимпијади по информатика.<br><br>Летниот камп „Бистри умови“ го отвори градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов, кој истакна дека поддршката и афирмацијата на талентираните ученици и младинци е дел од континуираните залагања на Општина Кочани. И оваа година подготовките на младите информатичари се одвиваат со финансиска поддршка од Општина Кочани.<br><br>Според претседателката на „Бистри умови“ Анита Атанасова Грчев, покрај Летниот камп по информатика, минатиот период здружението реализирало и бесплатни курсеви по математика и информатика за повеќе од 400 ученици од целата држава, а „Бистри умови“ биле дел и од организацијата на минатогодишната јуниорска Балканска олимпијада. |



**Се асфалтира Кејската улица во Оризари**

Во Оризари се асфалтира улицата „Кеј на револуцијата“. Улицата е долга 600 м, широка 7 м, со поплочени тротоари од двете страни и веќе поставено јавно осветлување.

Проектот за улицата „Кеј на револуцијата“ опфаќа изградба на потпорен ѕид, пропусти и сливници за атмосферска вода. Изведувач на работите е „Коле транс инженеринг“. Средствата во износ од 11,5 милиони денари се од Буџетот на Општина Кочани.

Во следната фаза, оваа улица ќе се поврзе со улицата „Ангел Донев“, за што претстои јавен повик за избор на изведувач.





**Ново осветлување за Споменикот на слободата во Кочани**

Во рамките на проектот за санација на Споменикот на слободата во Кочани, во тек се активностите за поставување комплетно ново осветлување.

Изведувач на работите е „Електрика“ од Кочани, која деновиве врши ископ, вградување на инсталацијата и бетонирање на фундаментите за светлосните столбови.

Споменикот на слободата ќе биде осветлен со вкупно 22 лед-светлосни арматури, рефлектори и декоративно парковско осветлување. Светилките се штедливи, со 60-70 % заштеда на електричната енергија. Споменикот ќе биде опколен со светилки и од внатрешната и од надворешната страна, ќе има осветлување на мозаичните фризови, а планирано е и електрично напојување за техничка опрема, со цел просторот да се користи за културно-забавни настани.

Според економскиот оператор, досега се поставени шесте електрични столба покрај пристапната патека кон Споменикот, а работите ќе завршат до Петровден, кога се очекува на оваа локација да се одржат неколку настани од празничната програма на Општина Кочани.

Проектот за реконструкција и реставрација на Споменикот на слободата се реализира со финансиска поддршка од Амбасадата на САД, преку грант од амбасадорскиот фонд за заштита на културното наследство.




**Кочани – општина од средно ниво според антикорупциските перформанси во јавните набавки**

На ранг-листата на остварувањето на антикорупциските перформанси во јавните набавки на единиците на локалната самоуправа, што по истражувањето и анализата ја објави Центарот за граѓански комуникации од Скопје, Општина Кочани со 58 % се најде во групата општини на средно односно жолто ниво.

– Сметам  дека треба да бидеме задоволни од позицијата на Општина Кочани во ова рангирање, тоа е зона со можности за подобрување на перформансите, посебно ако се има предвид дека ниту една општина во државата нема остварување на антикорупциските перформанси над 80 %. Подготвени сме да го следиме списокот на индикатори за оценка на антикорупциските перформанси и во иднина да влеземе во зеленото ниво – оценува градоначалникот Љупчо Папазов.

Процентот на реализацијата на планот за јавни набавки на Општина Кочани е 67, а процентот на измени на планот е 28. Кочани не е во групата општини со висока примена на е-аукцијата, којашто, како што стои во извештајот на Центарот за граѓански комуникации ги зголемува ризиците од корупција. Само пет општини во државата меѓу кои е и Кочани ги објавуваат известувањата за склучен договор во рок од 10 дена од денот на склучување на договорот. Секој службеник за јавни набавки во Општина Кочани е со положен испит, и во 2022 година, кога се вршени и истражувањата на Центарот за граѓански комуникации, спровел по 47 постапки за јавни набавки. Во 2022 година Општина Кочани склучила 86 договори со економски оператори, со вкупна вредност од 85.232.792 денари.

Центарот за граѓански комуникации развил инструмент за мерење на антикорупциските перформанси на институциите во јавните набавки со цел на мерлив и на одржлив начин да се проценува способноста на надлежните институции и да се спречува корупцијата при спроведувањето на јавните набавки. Мерењето е засновано на 32 индикатора што овозможуваат објективна проценка на институционалните и на оперативните капацитети на институциите во сите фази од јавните набавки: пред, за време на тендерската постапка и по нејзиното завршување. Истражувањето е реализирано со поддршка од Агенцијата на САД за меѓународен развој (УСАИД).

**Акција за превенција и заштита од пожари**

Викендов Територијалната противпожарна единица –





Кочани, Доброволното противпожарно друштво – Кочани, Дирекцијата за заштита и спасување и Одделението за внатрешни работи – Кочани спроведоа заедничка акција за превенција и заштита од шумски пожари.

На граѓаните што патуваа кон Пониква и кон браната Гратче им делеа информативно-едукативен материјал – Прирачник за заштита и превенција од пожари и друг вид елементарни непогоди.

Целта на ваквите акции е да се подигне целокупната свест кај граѓаните за големите штети од пожарите како и за начинот на постапување при настанат пожар.

Ваквите акции ќе продолжат и во наредниот период со цел да се намалат и да се спречат штетите од пожарите.







**Благодарница на Здружението „Бистри умови“ за поттикнување и поддршка на девојчињата во изучувањето на информатиката**

Во знак на почитување на заложбите на Здружението „Бистри умови“ за поттикнување и поддршка на девојчињата во изучувањето на информатиката, градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов ѝ врачи благодарница на претседателката Анита Атанасова Грчев, организатор на Националниот летен камп за млади информатичари што се одржа минатата седмица на Пониква.

– Сакаме да ја изразиме нашата благодарност што ги поттикнувате и ги поддржувате девојчињата во изучувањето на информатиката. Тоа е област во која девојчињата и жените се помалку застапени, па наша задача е да придонесеме таа да е што подостапна и за нив – истакна градоначалникот Папазов.

На овогодишниот Летен камп за млади информатичари учествуваа шест девојчиња од кои четири ќе ја претставуваат Македонија на претстојната Европската женска олимпијада по информатика во Холандија, едно девојче е во јуниорскиот тим, а едно е во тимот за Светската олимпијада.

– Ова се првите учеснички на Националниот летен камп по информатика. Факт е дека бројот на заинтересираните ученички за информатика е многу мал. Како илустрација, во бесплатните онлајн курсеви по информатика што лани ги организираше „Бистри умови“, од 430 учесници немаше ниедно девојче. Се надевам дека заеднички со Општина Кочани ќе успееме да најдеме форми за препознавање на нивните интереси и способности, како и мотивација за

<table>
<tr>
<td></td>
<td>изучување на информатиката – рече Атанасова Грчев.<br>Според најавите на градоначалникот, во Буџетот на Општина Кочани за идната година преку Локалниот акциски план за еднакви можности на жените и мажите ќе се планираат финансиски средства за стипендирање ученички во изучување информатика.</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>Иницијатива за збратимување на Кочани со американската општина Лајонс<br><br>Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов денеска се сретна со Владимир Крстов, претставник на Општина Лајонс, Чикаго, САД, со кого разговараа за иницијативата за збратимување на двете општини.<br><br>Со Крстов, кој по потекло е од Кочани, а живее и работи во Чикаго, првично ги разгледуваа можностите за соработка и спријателување на македонската со американската општина.<br><br>Се очекува наскоро во Кочани да допатува градоначалникот на Лајонс Кристофер Гети за да се реализира иницијативата за збратимување.</td>
</tr>
<tr>
<td><br></td>
<td>Музичко-поетски настан од проектот „Подобро општество за слепите лица во Кочани“<br><br>Во рамките на програмата за одбележување на Петровден, празникот на Кочани, во салата на Мултикултурниот центар се одржа музичко-поетскиот настан „Подобро општество за слепите лица во Кочани“.<br><br>Во организација на Здружението „Еднакви за сите“, беа претставени реализираните активности и постигнатите резултати од проектот што беше реализиран преку Регионалната програма за локална демократија во Западен Балкан, финансирана од Европската Унија, а спроведена од УНДП, со кофинансирање од Општина Кочани.<br><br>На настанот, слепи и слабовидни лица од Кочани имаа поетски и музички настапи.</td>
</tr>
<tr>
<td></td>
<td>Градоначалникот Љупчо Папазов ги додели наградите на најуспешните ученици и школски екипи<br><br>По повод Петровден, празникот на Кочани, градоначалникот Љупчо Папазов ги награди првенците на генерацијата и најуспешните ученици од основните и средните општински училишта од Кочани.<br><br>Првенците на генерацијата: Ана Станојева (ОУ „Никола</td>
</tr>
</table>



Карев“), Моника Иванова (ОУ „Крсте Мисирков“ – Оризари), Јована Карова (ОУ „Св. Кирил и Методиј“), Јован Божинов (ОУ „Раде Кратовче“), Илијана Стојилкова (ОУ „Малина Попиванова“), Јана Филипова (ОМУ „Ристо Јуруков“), Јован Филипов (СОУ„Гошо Викентиев“) и Андреј Здравев (СОУ „Љупчо Сантов“) ќе патуваат на летување на островот Паг во Хрватска.

Градоначалникот додели пофалници и награди на менторите и на екипите што постигнаа највисоки резултати на државните натпревари во 2023/24 г.

На училиштата што постигнаа значајни резултати на натпревари, Општина Кочани им додели статуетки.





**По повод Петровден во црквата „Свети великомаченик Георгиј“ се одржа концерт на духовна музика**

Синоќа, во дворот на црквата „Свети великомаченик Георгиј“, во организација на Општина Кочани се одржа концерт на духовна музика со една од најголемите дами на македонската песна Сузана Спасовска и црковниот клирос „Пелагонитиса“.

Публиката имаше можност да ја проследи интерпретацијата на „Богородице, Дево“, „Света Дево Владичице“, „Свети Боже“, „Терирем“, „Тропар на Св. Петка Римјанка“, „Тропар на Св. Никола“ и др.

Концертот на духовна музика е дел од програмата за одбележување на Петровден, празникот на Кочани.





**Петровденска литија во Кочани**

По повод празникот на Кочани, Петровден, синоќа во црквата „Св. великомаченик Георгиј“ се одржа вечерна празнична богослужба на која чиноначалствува митрополитот Брегалнички г. Иларион. По службата беше организирана литија и осветување и кршење на празничниот колач во Градскиот парк, каде свештениците и верниците упатија молитви за здравје и благосостојба.

– На градоначалникот и на сите луѓе во Кочани им го честитам празникот на светите апостоли Петар и Павле, посакувајќи да ве чуваат и понатаму да ви даруваат душевно и телесно здравје, да се молат на Бога и за градот Кочани и целата вселена, испросувајќи мир и благосостојба. Православието и единството да се зацврсти и да престанат сите поделби, недоразбирања и војни во светот. Нека е честит, вечен и благословен празникот – рече во своето обраќање пред присутните митрополитот Брегалнички господин Иларион.





**Операта „Дидона и Енеј“ прикажана во прекрасниот амбиент на Споменикот на слободата**

Во средишниот сценски простор на Споменикот на слободата во Кочани, во организација на Општина Кочани, Студентскиот културен центар од Ниш ја изведе операта „Дидона и Енеј“.

Музиката за камерната опера „Дидона и Енеј“ е на англискиот музичар и композитор од епохата на барокот Хенри Персел, а академскиот хор при СКЦ – Ниш и камерниот оркестар настапија под диригентство на Зоран Станисављевиќ.

Приказната за Дидона и Енеј потекнува од оригиналниот Вергилиев еп „Енеида“. Камерната опера во три чина е во режија на Кристина Атанасова Арсова.

Ова е првиот настан што се одржа по реализација на реконструкцијата на партерниот дел од Споменикот на слободата, со што се враќа улогата на оваа отворена сцена како културно собиралиште.





**По повод Петровден маратонецот Илиев го преплива езерото Гратче**

Кавадарчанецот Бошко Илиев, доктор специјалист по спортска медицина, по четврти пат го преплива езерото Гратче. Со поддршка од СЗР „Кочански рибар“ Илиев пливаше грбно, краул и пеперутка, по сончево и исклучително топло време.

Лекарот и продолжувач на традицијата на македонското маратонско пливање им порача на граѓаните да ги користат условите со кои располага Кочани и што повеќе да ги практикуваат и спортските и рекреативните пливачки активности.

Градоначалникот Љупчо Папазов му изрази благодарност на д-р Илиев, кој веќе традиционално го промовира Гратче како туристички потенцијал на Кочани.



**Екипата на „Авто велт“ – победник на Петровденскиот турнир во мал фудбал**

Тимот на „Авто велт“ е победник на 22. издание на Петровденскиот турнир во мал фудбал, кој во финалниот натпревар со резултат 2 : 1 ја совлада екипата на „Рели“.

Третото место го освоија фудбалерите од „Амфенол технолоџи Македонија“, кои со 4 : 3 ги победија противниците од „Естон дизајн“.

| | |
|---|---|
| <br> | На трите најуспешни екипи Општина Кочани им додели награди во износ од 60 илјади, 30 илјади и 15 илјади денари.<br><br>За најдобар стрелец на турнирот беше прогласен Јован Дојчинов од „Рели“, наградата за за најдобар фудбалер ја доби Горан Стојанов од „Авто велт“, а годинава најдобар голман беше Ѓоре Јовановски од екипата на „Рели“. Најуспешните поединци добија вредносни ваучери со износ од 6 илјади денари.<br><br>Наградата за најдобар млад фудбалер, во чест на прерано починатиот сограѓанин Благоја Апостоловски-Баки, ја доби Марио Симоски од екипата на „Естон дизајн“. Наградата е од семејството Апостоловски, а ја врачи братот на Баки, Даниел Апостоловски.<br>Организатор на турнирот во мал фудбал е ОФС – Кочани, со средства од Општина Кочани. |
|  | **Концерт на „Нокаут“ на Споменикот на слободата**<br><br>Во организација на Општина Кочани, во петокот навечер, на Споменикот на слободата концерт одржа групата „Нокаут“.<br><br>Во прекрасна атмосфера многубројната публика од различни генерации се забавуваше со најголемите хитови на популарниот македонски музички состав.<br><br>По повод празникот на Кочани, Петровден, беше приреден и огномет. |
| <br> | **На Пониква се одржа 17. влашки етнофестивал „На Петровден сите на планина“**<br><br>На 12 јули, на Пониква се одржа 17. издание на влашкиот етнофестивал „На Петровден сите на планина“.<br><br>Во организација на влашката пејачка група „Грамостеањ“ од Скопје, а со поддршка од Општина Кочани, на настанот учествуваа домашни пејачки групи од Скопје, Крушево и Штип, а настапи и солистот Ристо Лијаковски.<br><br>На отворањето на фестивалот, присутните учесници и гости ги поздрави градоначалникот на Кочани Љупчо Папазов, кој ја истакна важноста на негувањето на влашката традиција од пределот на Осоговските Планини, каде што во минатото постоеле повеќе влашки села.<br><br>Етнофестивалот „За Петровден сите на Планина“ е содржина од културно-забавната програма „Петровден 2024“ што ја организира Општина Кочани. |







**„24 часа урбан здив“ во Кочани**

Во центарот „Аква“, во рамките на општинската манифестација по повод Петровден, се одржа традиционалната Берза на винили, како дел од мултимедијалниот настан насловен „24 часа урбан здив“. Ова е четврта по ред берза на винили, која, според организаторот Тошо Филиповски, сè повеќе станува регионална.

– Нашата тенденција е да доаѓаат што повеќе луѓе од што повеќе држави. На учесниците им се допаѓа амбиентот и гостопримливоста на Кочани, па ќе се трудиме да ја одржиме оваа приказна и да ја развиеме во културно лето, вели Филиповски.

Годинава на Берзата на винили има 13 учесници од Грција, Бугарија, Србија, Црна Гора и Македонија. Тие нудат музика на сите физички формати: плочи, цедеа, касети, музика од сите жанрови, нови и стари изданија и од пред четириесетина години, како и реизданија.

Берзата на винили е придружена и од изложба на фотографии на македонски рок-бендови, односно на лидери на бендови на формат канвас, коишто беа дел од изложбата што Филиповски ја организираше во Сараево, а летово ја претставува низ Македонија.

Придружни содржини на Берзата на винили се настапи на диџеи од Бугарија, Србија, Грција, како и локални диџеи, потоа акустичен концерт на „Културно-уметнички работници“ – 40-минутно претставување на нивниот албум и преслушување на неколку плочи издадени оваа година од издавачката куќа „Корпус деликти рекордс“.

Мултимедијалниот настан е една од последните содржини на манифестацијата што ја организира Општина Кочани по повод празникот Петровден.



**Планинарски марш по повод Петровден во организација на ПСК „Осогово“ – Кочани**

По повод Петровден, со поддршка од Општина Кочани, ПСК „Осогово“ од Кочани го изведе традиционалниот планинарски марш до врвот Китка (1903 м) на Осоговските Планини.

Појдовната точка беше од манастирот „Еленец“, кај Македонска Каменица. Планинарите се движеа по обележана патека од средно лесна категорија и за шест часа поминаа вкупно 14 км во двата правца.

<table>
<tr>
<td></td>
<td>На дружбата во манастирскиот комплекс „Еленец“ ПСК „Осогово“ им додели благодарници на учесниците и помагачите на 17. Петровденски марш, а благодарници добија и најмладиот и највозрасниот учесник на маршот.</td>
</tr>
<tr>
<td><br></td>
<td>Кочанските пожарникари – поддршка во гасењето на пожарот на планината Серта од неготинска страна<br><br>Пожарникари од Територијалната противпожарна единица – Кочани од утрово се наоѓаат на планината Серта каде што учествуваат во гасењето на пожарот кој неколку дена беснее во овој крај.<br><br>Поддршката во гасењето на пожарот е со едно теренско возило и четворица пожарникари од кочанската противпожарна единица.<br><br>Кризниот штаб на Општина Неготино, на состанокот што го одржал на 17 јули, донел одлука да побара помош од други територијални противпожарни единици, како и интервенција од воздух, поради непристапниот терен каде што не може да се интервенира со луѓе и со механизација.<br><br>На вчерашниот состанок на Кризниот штаб присуствувале и министрите за внатрешни работи Панче Тошковски, за одбрана Владо Мисајловски, директорот на ЦУК Стојанче Ангелов и по насока на Владата и на премиерот Христијан Мицкоски, се поставени контурите за дејствувањето против пожарите. На терен се припадниците на АРМ, МВР, воздухоплови од пријателски земји на Македонија. Формиран е и Регионален кризен штаб со седиште во Кавадарци, со кој раководи градоначалникот Митко Јачев.</td>
</tr>
<tr>
<td><br>
</td>
<td>Едукативна сообраќајна акција „И јас и ти – сите сме пешаци“<br><br>По иницијатива на Општина Кочани беше реализирана сообраќајна превентивно-едукативна активност под мотото „И јас и ти – сите сме пешаци“.<br><br>Претставници од Општина Кочани, МВР ОВР ПС Кочани и Општинскиот совет за безбедност во сообраќајот на патиштата – Кочани разговараа со граѓаните во насока за зголемување на сообраќајната култура кај пешаците, почитување на сообраќајните правила, прописи и сигнализација.<br><br>Пешаците добиваа летоци со едукативна содржина и друг рекламен материјал.</td>
</tr>
</table>



**Кочански пожарникари – на пожарите во Селце и Пухче**

Пожарникари и возило од Територијалната противпожарна единица – Кочани на 19 јули, заедно со припадниците на АРМ, учествуваа во гасењето на пожарите во селата Селце и Пухче.

Поддршката се реализира според насоките на Кризниот штаб за што поскоро ставање под контрола на пожарот на планината Серта.





**Потпишан договор за партерно уредување на дворот на ОУ „Раде Кратовче“**

Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов, директорот на ОУ „Раде Кратовче“ Глигорчо Гацовски и претставничката на Институтот за истражување и анализа на политики – Ромалитико Марија Сулејманова, потпишаа договор за реализација на локална акција за партерно уредување на дворот на ОУ „Раде Кратовче“ во Кочани.

Вкупната проценета вредност за партерното уредување изнесува 3.340.284 денари, во која Ромалитико ќе учествува со финансирање на набавка на материјали со максимална вредност 1.119.400 денари, согласно предмер-пресметката, средства коишто се обезбедени со проектот „Заедно за просперитетна заедница“.

Овој проект е поддржан од Агенцијата за меѓународен развој (УСАИД), а средствата се наменети за имплементација на иницијативи за решавање на проблеми со цел да се подобри животот на припадниците на ромската заедница.

Останатите работи предвидени во предмер-пресметката ќе бидат финансирани од Општина Кочани.



**Општина Кочани потпиша меморандум за соработка со американската Општина Лајонс**

Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов и Кристофер Гети, градоначалникот на Општина Лајонс од Илиноис во Соединетите Американски Држави, на 24 јули потпишаа меморандум за партнерство на општините.

На средбата на градоначалниците беше истакнато дека меморандумот претставува официјална потврда, признание за силните врски на пријателство, културната размена и заемната поддршка воспоставени помеѓу двете локални заедници. Едновремено, партнерството ја симболизира и посветеноста за поттикнување на



меѓународното разбирање и соработка.

Градоначалникот Гети ќе ја искористи посетата на Кочани да се запознае со потенцијалите за развој и можностите за конкретна соработка на стопански и културен план.

Соработката со американската општина Лајонс, којашто се наоѓа во непосредна близина на Чикаго, е по иницијатива на кочански иселеници во САД.






**Седница на Кризниот штаб за заштита и спасување на Општина Кочани**

Заради координација на надлежните служби за заштита и спасување и преземање засилени превентивни мерки во претстојниот празничен период, Кризниот штаб на Општина Кочани одржа седница.

Надлежните информираа дека најсериозна е состојбата на Осоговските Планини, каде што се интервенира на пожарот во атарот на Пресека. Исто така, пожарот од пробиштипски Зеленград дошол до месноста Панаѓур. Натамошното ширење е спречено со ископи од механизација.

Синоќа единиците успешно интервенирале на пожари во селата Нивичани, Бели, Соколарци и Теранци, а дојава за пожар имало и од селото Уларци, како последица на пожарот во Пробиштипско. Пожарникарите од ТППЕ и ДПД вчеравечер имале интервенција и на пожар кај Градската депонија.

Под контрола е ставен пожарот во атарот на Главовица, со кој противпожарните служби се справуваат четврти ден. Тој е локализиран и го контролираат мобилни екипи од ТППЕ – Кочани.

Според податоци од надлежните, голем дел од пожарите се подметнати. За вчерашниот случај кај селото Бели, отворена е постапка во Јавното обвинителство – Кочани и се работи на идентификација на лицето што го подметнало пожарот.

Градоначалникот на Општина Кочани Љупчо Папазов побара засилена контрола во претстојниот период, како од инспекциските така и од полициските патроли, редовна меѓуинституционална комуникација и брза професионална проценка на ризикот и потребите за интервенција при настанати пожари.

**Општина Кочани – партнер во меѓународниот проект Промовирање на територијални стратегии за одржлива мобилност и зелена енергија**





Општина Кочани се вклучи во интернационалниот проект PROMOTER – Промовирање територијални стратегии за одржлива мобилност и зелена енергија, финансиран од програмата Interreg Europe, каде лидер на проектот е Општина Ливорно од Италија, а има партнери од Латвија, Романија, Финска, Белгија, Чешка, Шпанија, Португалија и Унгарија. Општина Кочани во проектот е партнер-набљудувач, а Центарот за развој на Источниот Плански Регион е вклучен како заинтересирана страна.

Проектот има цел да ѝ помогне на ЕУ да ги постигне своите цели за климатска неутралност, со фокусирање на мобилност без јаглерод, како придонес за поквалитетна и позелена територија.

На студиското патување од 8 до 11 јули 2024 година, реализирано во рамките на проектот со претставници од Општина Кочани и од Центарот за развој на Источниот Плански Регион, беа претставени добри практики од искористувањето на Општината Резекне на ЕУ-фондовите за градење нови инфраструктурни објекти и за подобрување на енергетската ефикасност на старите објекти, како и за искористувањето на обновливите извори на енергија.

Пред другите партнери беше претставена Општина Кочани со потенцијалите со кои располага, коишто може да се искористат за остварување на целите на проектот.

Кочани е прва општина од Република Македонија која учествува во имплементирање на проект од програмата Interreg Europe.

## СОВЕТ НА ОПШТИНА КОЧАНИ





**Советот на Општина Кочани ја одржа 48. седница**

На 17 јули 2024 година Советот на Општина Кочани ја одржа 48. седница на којашто беше дадена согласност за право на користење на недвижен имот за целите на проектот „Интегриран развој на препознатливиот културен и близок до природата туризам во Источниот Плански Регион и регионот Благоевград“, како и согласност за кофинансирање на овој проект од страна на Општина Кочани. На седницата беше образложено дека проценетата вредност на проектот е 8.159.621 денар, од која 6 милиони денари се обезбедени од Програмата за прекугранична соработка, а останатите се учество на Општина Кочани. Со оваа одлука Советот даде право на користење на парцела во близина на езерото Гратче за изградба на повеќенаменско игралиште.



На седницата беа усвоени Планот за изменување на Годишниот план за вработување во Општина Кочани за 2024 година и Годишниот план за вработување во Општина Кочани за 2025 година.

Четириесет и осмата седница Советот ја одржа во новата сала на вториот кат во зградата на Мултикултурниот центар, којашто од неодамна е опремена со мебел и техничка опрема соодветна за седници на Советот.







**Советот на Општина Кочани ја одржа 49. седница**

На 29 јули 2024 година Советот на Општина Кочани ја одржа 49. седница на којашто предлог-дневниот ред од 22 точки беше дополнет со една нова точка.

Членовите на Советот гласаа за измени на Програмата за располагање со државно градежно земјиште и на Програмата за спорт, дадоа согласност на Годишниот план за вработување во ООМУ „Ристо Јуруков“ – Кочани за 2025 година и за организирање продолжен престој на ученици од I до III одделение во ООУ „Раде Кратовче“ и одобрија финансиска помош на Борачкиот клуб „Спартак“ – Кочани и на Доброволното противпожарно друштво – Кочани.

Советот донесе одлуки за резервирање средства за експропријација согласно Програмата за уредување на градежно земјиште на подрачјето на Општина Кочани за 2024 година, како и за продолжување на работното време на угостителските објекти на подрачјето на Општина Кочани, а го формира и Локалниот економско-социјален совет на Општина Кочани.

На 49. седница беше усвоен и Збирниот извештај – Елаборат за процена на штета од природните непогоди: поплавата на 25 јуни 2023 година и градот на 23 јули 2023 година на подрачјето на Општина Кочани, а даде согласност за доделување средства по основ на спонзорство.

**Општина Кочани**
**ул. „Раде Кратовче“ бр. 1**
**2300 Кочани**
**☎ 033 274 001**
**www.kocani.gov.mk**
**info@kocani.gov.mk**